## Дополнителни информации за Буџетот на Општина Центар

**Општина Центар** во интерес на локалното население и со цел континуирано да ги задоволува потребите и очекувањата на граѓаните, покрај оваа брошура, изготви и Билтен со наслов **„Од каде ги добиваме парите и како ги трошиме?“**, преку кој овозможува пристап до сите релевантни информации поврзани со општинскиот Буџет. Билтенот може да го добиете во **Центарот за информирање на граѓаните на Општина Центар**.

## Целосниот текст на Буџетот на Општина Центар

Целосниот текст на Буџетот се објавува во „Службен гласник на Општина Центар“. Истиот е достапен во електронска форма на интернет страницата на Општината **www.opstinacentar.gov.mk** како и во пишана форма во библиотеката на Општината и е достапен за секој заинтересиран граѓанин, со цел да се обезбеди целосен пристап на јавноста до информации и да се олесни нејзиното разбирање за тоа како се извршуваат работите во локалната самоуправа.

**Со почит кон граѓаните**

**Општина Центар**

# Колку Општина Центар вложува во...

## Основно образование

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 82.890.011,оо денари, или **19.020,оо денари** по секој ученик од основните училишта во општината.

-**2008 година** од Буџетот на Општина Центар планирано е да се потрошат 197.400.150,оо денари или **44.608,оо денари** по секој ученик од основните училишта во општината.




## Градинки

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 59.277.009,оо денари, или **36.492,оо денари** по секое дете од градинките во општината.

-**2008 година** од Буџетот на Општина Центар планирано е да се потрошат 118.034.646,оо денари или **72.726,оо денари** по секое дете од градинките во општината.



## Урбанистичко планирање и уредување на просторот

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 180.000.000,оо денари, или **3.964,оо денари** по секој жител од општината.

-**2008 година** од Буџетот на Општина Центар планирано е да се потрошат 162.000.000.оо денари или **3.567,оо денари** по секој жител од општината.




## Култура

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 6.700.000,оо денари, или **148,оо денари** по секој жител од општината.

-**2008 година** од Буџетот на Општина Центар планирано е да се потрошат 117.100.000,оо денари или **2.579,оо денари** по секој жител од општината.




## Комунални дејности

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 94.381.511,оо денари, или **2.078,оо денари** по секој жител од општината.

-**2008 година** од Буџетот на општината планирано е да се потрошат 100.939.062,оо денари или **2.223,оо денари** по секој жител од општината.




## Спорт и рекреација

-**2007 година** од Буџетот на Општина Центар потрошени се 2.850.000,оо денари, или **63,оо денари** по секој жител од општината.

-**2008 година** од Буџетот на општината планирано е да се потрошат 8.698.000,оо денари или **192,оо денари** по секој жител од општината.

